UDK: 551.44(497.7)"1958/2018"

60 YEARS OF THE SPELEOLOGICAL SOCIETY OF MACEDONIA 1958-2018

Dragan KOLCHAKOVSKI
Uneversity Ss. Cyril and Methodius, Faculty of Natural Sciences and Mathematics,
Institute of Geography, Skopje
e-mail: dragikolchakovski@gmail.com

ABSTRACT

In the second half of the 20th century, individual speleological research in Macedonia was replaced with more organized activity, more precisely on April 6, 1958, the Speleological Society of Macedonia was formed. The main initiator for the formation of the Society, and further promoter of the speleology in Macedonia is Dushan Manakovic.

In memory of the 60th anniversary of the establishment of the Speleological Society of Macedonia, short biographies of the first managers, one of the oldest scientific research societies in Macedonia, are listed.

Key words: history, speleology, Macedonia

INTRODUCTION

In memory of the 60th anniversary of the establishment of the Speleological Society of Macedonia, one of the oldest scientific research societies in Macedonia, are listed short biographies of its first managers, namely: prof. dr. sc. Zora Karaman, first president of the Society, prof. dr. sc. Risto Garevski, First Secretary of the Society, and the initiator for the establishment of the Society and a further major promoter of speleology in Macedonia, prof. dr. sc. Dushan Manakovic.

After just over three decades of existence (1958-1990), in which years more researchers, naturalists, became involved, over the years of independence the Society's activities ceased. His latest activities are the research of the caves on the mountain Galicica for the needs of the Municipality of Ohrid (Manakovic, Garevski, Andonovski, Kolchakovski).

Prof. dr. Sc. Zora Karaman

The first president of the Speleological Society of Macedonia is Zora Karaman (born Vales), a well-known Yugoslav entomologist. She was born on April 15, 1907 in Buje, Istria (Croatia). She died on December 10, 1974 in Ljubljana, Slovenia. Zora Karaman studied at the University of Ljubljana and then worked as a high school teacher in Skopje. She lived in Kragujevac during World War II and has been a high school teacher in Split since 1945. Since 1950 he has been the curator of the Museum of the City of Dubrovnik



Figure 1: From the founding assembly of the Speleological Society of Macedonia (April 6, 1958); left - Prof. dr. sc. Zora Karaman, right - Prof. dr. sc. Dushan Manakovic.

Zora Karaman has been a lecturer at the University of Skopje since 1953, where she received her doctorate in 1955. In 1959 she was elected associate professor, and since 1964 she has been a full professor of entomology at the Faculty of Agriculture and Forestry at the University of Skopje. Through his research in the former Yugoslavia, but also in other parts of Europe, Africa and the Middle East, prof. dr. sc. Zora Karaman has discovered several new species of insects for science. The species Melita valesi (Cancer), Niphargus zorae (Cave Amphipoda), Myrmecophilus zorae (Crab Bug Cancer) and Euconnus karamanae (Frog Beetle) are named after Zora Karaman.

Prof. dr. sc. Risto Garevski

The first secretary of the Speleological Society of Macedonia is our famous paleontologist, prof. dr. sc. Risto Garevski. He was born in Veles, on March 22, 1922. He died at the age of 89 in Skopje (February 21, 2012). According to Professor Garevski, the richest areas with fossil remains on the territory of the Republic of Macedonia are Tikvesh and the surrounding area of Veles. Apart from research activities, prof. dr. sc. Risto Garevski is also credited with establishing the Department of Paleontology at the Natural Science Museum of Macedonia, where he spends most of his working life, from 1954 to 1979. Professor Garevski, who belongs to the first generation of biologists in Macedonia, after the Second World War, left the Natural Science Museum and in 1979, first spent a short time at the Faculty of Natural Sciences and Mathematics in Skopje, and then at the Faculty of Mining and Geology in Stip, from where he retires.

Thanks to his commitment and exceptional enthusiasm, intensive scientific research work is being developed for fossil mammals in Macedonia, which includes several sites in the vicinity of Veles, Kavadarci, Negotino, Delchevo, Skopje and elsewhere. The result of this work is over ten thousand fossil remains, which are now in the depots and showcases of the Natural History Museum of Macedonia.

Professor Garevski has published most of 30 scientific papers in the ACTA and Fragmenta Balcanica Museum editions, as well as in other journals in the country and abroad. Professor Garevski cooperates with a number of colleagues and specialists for the picarmic fauna of the former Yugoslavia, but also from Finland, Germany, Bulgaria, Greece... The collaboration between the Natural Science Museum and the Humboldt University in Germany allows him to stay and improve at one of the world's most prestigious institutions in the field of paleontology. In parallel with his engagement in the Department of Paleontology, Garevski is working on his professional development, which he completed with his doctoral dissertation, defended in Ljubljana (Slovenia), in 1964, on the topic: "Stratigraphic and paleontological significance of the Pleistocene fauna of the Makarovec cave in the gorge of the river Babuna, in the vicinity of Titov Veles". In the field of exhibition activity, it should be emphasized that Professor Garevski is the author of the concept of the permanent exhibition in the Museum, for the part of paleontology.

I had the pleasure and happiness to meet and collaborate with a great intellectual, and an incredibly modest man, such as Professor Garevski. I remember, somewhere at the beginning of the summer of 1987, during the excavations of the caves on the mountain Galicica, on one of the rest, through various conversations we developed the topic of "economic crisis" (inflation) that had affected the then SFR Yugoslavia! At one moment I said to Professor Garevski: "This is no longer possible, it is too early for us to be a separate state..."! "I don't know if I ever thought of an independent state of Macedonia before, nor did I hear from anyone else about such a thing!" Professor Garevski turned to me and replied very seriously: "I think the same"! During our conversation at that time, Professor Garevski told us: “Immediately after the war, as a man from Skopje, we unloaded bags of flour from the wagons at the station in Veles. As we unloaded the "the government" the half stole them. Since then, I don't want to hear about politics ...”Honesty (and modesty) was the lifeblood of our top paleontologist, Professor Garevski.

Prof. dr. sc. Dushan Manakovic

The initiator of the establishment of the Speleological Society of Macedonia, and promoter of speleology in Macedonia, is one of the leading geomorphologists in the former Yugoslavia, prof. dr. sc. Dushan Manakovic. Professor Manakovic was born in Skopje in 1924. He comes from a trade, Macedonian-Vlach family. He died in Skopje on August 12, 1995.

In his scientific research work, Professor Manakovic pays attention to several genetic categories of relief and achieves exceptional results. He has made a special contribution to the study of the karst and the karst phenomenon in the Republic of Macedonia. Or, as he himself said: "Geomorphology is my profession, and karst is my hobby"! His works are the initial excavations of the Bela Voda cave in the Demir Kapija Gorge (1957), Gorna Gjonovica - "Ubavica" on Mount Bukovic (1970), Aramiska Cave (1971) near Kavadarci, the caves in the Pesti gorge in the Babuna River valley (1966) and many others. He also explores the cave "Vrelo", near the village of Ilince (municipality of Preshovo, Serbia), as well as the karst on Mount Bistra, Suva Gora, Zeden and etc. Of the more than sixty scientific papers published, almost half are in the field of karstology and speleology.

Professor Manakovic, like almost everyone in his generation, was a member of the political party, the then only political party. He was also a participant in the "Srem Front", but he was quite free-spirited for the time and the circumstances... From him, at his lectures, we students learned that in 1941 the Bulgarian army in Skopje was greeted with bouquets of flowers! So he

told us - ... and that, that same night, we went out on the promenade! Professor Manakovic was a gentleman,

with a civic culture, but also nimble, who kept to himself. Communicative with everyone, both academics and his shoemaker. With an adventurous spirit, an art lover and extremely serious when it comes to science. From him we learned about science and life ...

With the departure of Professor Manakovic to retire, and his untimely death (1995), the activities of the Speleological Society of Macedonia ceased. During the existence of the Company, three of its members make master's theses, and two doctoral dissertations. The master's theses are about the caves in the source part of Crna Reka (Stanko Stankoski), the caves in the valley of the river Radika "(Tome Andonovski) and about the caves and karst in the Skopje Valley" (Dragan Kolchakovski). All are defended in Belgrade. Doctoral dissertations: "Geomorphology in the course of Babuna and Topolka with the Titoveleska Valley" (Dushan Manakovic), defended in Skopje and "Stratigraphic and paleontological significance of the Pleistocene fauna of the Makarovec cave in the gorge of the Babuna River, in the vicinity of Titov Veles" (Risto Garevski), defended in Ljubljana.

The Speleological Society of Macedonia is the organizer of the 5th Yugoslav Speleological Congress (1968), and its members actively participate and others, until the last, Xth Speleological Congress, held in Sarajevo in 1988. Next, XI-th Congress, scheduled for 1992, and awarded the organization of the Speleological Society of Macedonia, due to the disintegration of the former country are not maintained. With that, the existence of the Speleological Union of the former Yugoslavia ends, and prof. dr. sc. Dushan Manakovic and Prof. dr. Dragan Kolchakovski, are his last president and secretary.

REFERENCES

Garevski R. (1961): Report of the Republic Speleological Centers: Speleological Society of NR Macedonia. Second Yugoslav Speleological Congress, p. 14-15, Zagreb.

Kolchakovski D. (1989): Historical overview of speleological studies on the territory of SR Macedonia with bibliographic presentation. Geographical reviews, vol. 27, p. 133-144, Skopje.

Kolchakovski D. (2005): 80 years of speleological research in the Republic of Macedonia (1925 - 2005) Bulletin for physical geography , no. 2, p. 125-131, Skopje.

60 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА СПЕЛЕОЛОШКОТО ДРУШТВО НА МАКЕДОНИЈА 1958 - 2018

Драган КОЛЧАКОВСКИ
Универзитет Св. Кирил и Методиј, Природно-математички факултет
Институт за географија;
e-mail: kolcak@iunona.pmf.ukim.edu.mk

АПСТРАКТ

Во втората половина на XX век дотогашните, индивидуални спелеолошките истражувања во Македонија, се заменуваат со поорганизирана активност, поточно на 06.04.1958 година се формира Спелеолошко Друштво на Македонија. Главен иницијатор за формирање на Друштвото, и натамошен промотор на спелеологијата во Македонија е Душан Манаковиќ.

Во знак на сеќавање, на 60 годишнината од формирањето на Спелеолошкото друштво на Македонија, се наведени кратки биографии на првите раководители, на едно од најстарите научно - истражувачки друштва во Македонија.

Клучни зборови: историја, спелеологија, Македонија

ВОВЕД

Во знак на сеќавање, на 60 годишнината од формирањето на Спелеолошкото друштво на Македонија, на едно од најстарите научно-истражувачки друштва во Македонија, се наведени кратки биографии на првите негови раководители, и тоа: на Проф. д-р Зора Караман, прв претседател на Друштвото, на Проф. д-р Ристо Гаревски, прв секретар на Друштвото, и на иницијаторот за формирање на Друштвото и натамошен главен промотор на спелеологијата во Македонија, на Проф. д-р. Душан Манаковиќ.

По, нешто над три децении постоење (1958-1990), во кои години се вклучуваат повеќе истражувачи, природници, низ годините на независноста активностите на Друштвото замираат. Последните негови активности се истражувањето на пештерите на планината Галичица за потребите на Општината Охрид (Манаковиќ, Гаревски, Андоновски, Колчаковски).

Проф. д-р Зора Караман

Прв претседател на Спелеолошко друштво на Македонија е Зора Караман (род. Vales), познат југословенски ентомолог. Родена е на 15 април 1907 година во Бује, Истра (Хрватска). Починала на 10 декември 1974 во Љубљана (Словенија). Зора Караман студирала на Универзитетот во Љубљана, а потоа работи како наставник во средно училиште во Скопје. За време на Втората Светска војна живее во Крагуевац, а од 1945 година е професор во средно училиште во Сплит. Од 1950 година е кустос на Музејот на градот Дубровник.



Слика 1: Од основачкото собрание на Спелеолошкото Друштво на Македонија
(6 април 1958 година); лево - Проф. д-р Зора Караман,
крајно десно - Проф. д-р Душан Манаковиќ

Од 1953 година Зора Караман е предавач на Универзитетот во Скопје, каде и се стекнува со докторат во 1955 година. Во 1959 година е избрана за вонреден, а од 1964 година е редовен професор по ентомологија на Факултетотот за земјоделство и шумарство на Универзитетот во Скопје. Низ своите истражувања во поранешна Југославија, но и во други делови на Европа, Африка и на Блискиот Исток, Проф. д-р Зора Караман има откриено повеќе нови видови инсекти за науката. Видовите *Melita valesi* (рак), *Niphargus zorae* (пештерска амфипода), *Myrmecophilus zorae* (рак на пештерска бубачка) и *Euconnus karamanae* (мравеста бубачка) се именувани по Зора Караман.

Проф. д-р Ристо Гаревски

Прв секретар на Спелеолошкото Друштво на Македонија е нашиот познат палеонтолог, Проф. д-р Ристо Гаревски. Роден е во Велес, на 22 март 1922 година. Починал на 89-години во Скопје (21 февруари 2012 година). Според професорот Гаревски, најбогати области со фосилни остатоци на територијата на Република Македонија се Тиквешијата и Велешко-оризарските краишта. Освен во истражувачките активности, Проф. д-р Ристо Гаревски е заслужен и за формирањето на одделот за палеонтологија во Природо-научниот музеј на Македонија, каде го минува и најголемиот дел од својот работен век, од 1954 до 1979 година. Професорот Гаревски, кој ѝ припаѓа на првата генерација биолози во Македонија, по Втората Светска војна, го напушта Природо-научниот музеј и во 1979 година, прво кратко време минува на Природно-математичкиот факултет во Скопје, а одтаму на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, од каде што заминува во пензија.

Благодарение на неговата ангажираност и исклучителен ентузијазам, се развива интензивна научноистражувачка работа за фосилните цицачи во Македонија, која вклучува поголем број на локалитети во околината на Велес, Кавадарци, Неготино, Делчево, Скопје и на други места. Резултатот на ваквата работа се над десетте илјади фосилни остатоци, кои сега се наоѓаат во депоата и изложбените витрини на Природонаучниот музеј на Македонија.

Од својата специјалност професорот Гаревски има објавено повеќето од 30 научни трудови, печатени во Музејските изданија - ACTA и Fragmenta Balcanica, но и во други списанија, во земјата и во странство. Професорот Гаревски остварува соработка со голем број на колеги и специјалисти за

пикермиската фауна од просторите на поранешна Југославија, но и од Финска, Германија, Бугарија, Грција... Соработката на Природно-научниот Музеј со Хумболтовиот универзитет во Германија му овозможува престој и усовршување во една од најпрестижните институции во Светот од областа на палеонтологијата. Паралелно со ангажманот во Одделението за палеонтологија, Гаревски работи и на своето професионално усовршување, кое го заокружува со докторската дисертација, одбранета во Љубљана (Словенија), во 1964 година, на тема: „Стратиграфско и палеонтолошко значење на плеистоценската фауна од пештерата Макаровец во клисурата на реката Бабуна, во околината на Титов Велес". Од областа на изложбената дејност, посебно треба да се истакне дека професорот Гаревски е автор на концепцијата на постојаната поставка во Музејот, за делот на палеонтологија.

Имав задоволство и среќа да се сретнам, и да соработувам со еден голем интелектуалец, и неверојатно скромен човек, каков што беше професорот Гаревски. Се сеќавам, некаде на самиот почеток на летото во 1987 година, при истражувањата на пештерите на планината Галичица, на една од починките, низ разните муабети ја развивме темата за „економската криза" (инфлација) што ја имаше зафатено тогашната СФР Југославија! Во еден момент на професорот Гаревски му велам: „Вака веќе не може, поарно е да си бидеме засебна држава..." Не знам, дали пред тоа некогаш сум помислил за независна држава Македонија, ниту пак имав слушнато од некој друг за такво нешто! Професорот Гаревски се заврте кон мене и мошне сериозно ми возврати: „и јас го мислам истото"! Низ тогашното наше муабетење, професорот Гаревски ни вели: „Веднаш по војната, како скоевец, на станицата во Велес од вагоните растоваравме вреќи со брашно. Како што ги растоваривме „власта" половината ги украде. Оттогаш не сакам да слушнам за политика..." Чесноста (и скромноста), беше животната водилка на нашиот врвен палеонтолог, професорот Гаревски.

Проф. д-р Душан Манаковиќ

Иницијатор за формирање на Спелеолошкото друштво на Македонија, и промотор на спелеологијата во Македонија, е еден од водечките геоморфолози во поранешна Југославија, Проф. д-р Душан Манаковиќ. Професорот Манаковиќ е роден во Скопје, во 1924 година. Потекнува од трговско, македонско-влашко семејство. Почина во Скопје, на 12 август во 1995 година.

Професорот Манаковиќ во својата научно-истражувачка работа посветува внимание на повеќе генетски категории релјеф и постигнува исклучителни резултати. Посебен придонес има во прочувањето на карстот и на карстниот феномен во Република Македонија. Или, како што и самиот велеше: „Геоморфологијата ми е професија, а карстот хоби"! Негови дела се првичните истражувања на пештерата Бела Вода во Демиркаписката клисура (1957), Горна Ѓоновица - „Убавица" на планината Буковиќ (1970), Арамиската Пештера (1971) кај Кавадарци, пештерите во клисурата Пешти во долината на реката Бабуна (1966) и многу други. Ја истражува и пештерата „Врело", кај селото Илинце (општина Прешово, Србија), како и карстот на планината Бистра, на Сува Гора, Жеден и т.н. Од објавените над шеесет научни трудови, речиси половината се од областа на карстологијата и спелеологијата.

Професорот Манаковиќ, како и речиси сите од неговата генерација, беше член на партијата, на тогашната единствена партија. Бил и учесник на „Сремскиот фронт", но беше и доста слободоумен за тогашното време и тогашните прилики... Од него, на неговите предавања, ние студентите дознавме дека во 1941 година бугарската војска во Скопје е дочекана со букети цвеќе! Така и ни рече - ...и што, истата вечер, излеговме на корзо! Професорот Манаковиќ беше џентламен, со граѓанска култура, но и пргав, кој држеше до себе. Комуникативен со секого, и со академици и со неговиот чевлар. Со авантуристички дух, љубител на уметноста и крајно сериозен кога е во прашање науката. Од него се учеше и за наука и за животот...

Со заминувањето на професорот Манаковиќ во пензија, и неговата прерана смрт (1995 година), активностите на Спелеолошкото друштво на Македонија замираат. Во текот на постоењето на Др-

уштвото, тројца негови членови изработуваат магистерски работи, а двајца докторски дисертации. Магистерските работи се за пештерите во изворишниот дел на Црна Река (Станко Станкоски), пештерите во долината на реката Радика“ (Томе Андоновски) и за пештерите и карстот во Скопската Котлина“ (Драган Колчаковски). Сите се одбранети во Белград. Докторски дисертации: „Геоморфологија во поречието на Бабуна и Тополка со Титовелешката Котлина“ (Душан Манаковиќ), одбранета во Скопје и „Стратиграфско и палеонтолошко значење на плеистоценската фауна од пештерата Макаровец во клисурата на реката Бабуна, во околината на Титов Велес“ (Ристо Гаревски), одбранета во Љубљана.

Спелеолошкото Друштво на Македонија е организатор на V-от југословенски спелеолошки конгрес (1968 година), а неговите членови активно учествуваат и на сите останати, до последниот, X-ти Спелеолошки конгрес, одржан во Сарајево во 1988 година. Следниот, XI-ти Конгрес, закажан за во 1992 година, и доделената организација на Спелеолошкото друштво на Македонија, поради распаѓањето на тогашната држава не се одржува. Со тоа и завршува постоењето на Спелеолошкиот Сојуз на поранешна Југославија, а Проф. д-р Душан Манаковиќ и Проф. д-р Драган Колчаковски, се неговите последни претседател и секретар.

ЛИТЕРАТУРА

Garevski R. (1961): Izvestaj republickih speleoloskih centara: Speleolosko drustvo NR Makedonije. Drugi jugoslovenski speleoloski kongres, str. 14-15, Zagreb.

Колчаковски Д. (1989): Историски преглед на спелеолошките проучувања на територијата од СР Македонија со библиографски приказ. Географски разгледи, кн. 27, стр. 133-144, Скопје.

Колчаковски Д. (2005): 80 години спелеолошки истражувања во Република Македонија (1925 - 2005) Билтен за ФГ, бр. 2, стр. 125-131, Скопје.